# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До:** **ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03-4378/1

Скопје 09.09.2016г.

**Предмет: Прв седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 и член 196-в од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува првиот седмичен извештај за периодот од 2 до 8 септември 2016 година.

Имајќи предвид дека според член 196-в од Изборниот законик, правилата за медиумско претставување од членовите 75, 75-а, 75-б, 75-в, 75-г, 75-д, 76-в и 76-г се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година, Агенцијата започна со мониторингот на 2 септември 2016 година.

Според Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси, во периодот од 2 септември до почетокот на изборната кампања, предмет на мониторингот се два телевизиски и два радио сервиси на Јавниот радиодифузен сервис, 12 комерцијални телевизии што емитуваат програма на државно ниво (ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Сонце, ТВ Наша, ТВ 24 Вести, ТВ АРТ, ТВ 21-М, ТВ Шеќа и ТВ Нова) и 2 комерцијални радија на државно ниво (Радио Канал 77 и Радио Слободна Македонија). До почетокот на изборната кампања, за сите други програмски сервиси, Агенцијата ќе врши мониторинг врз основа на претставки.

За мониторингот до почетокот на изборната кампања, освен вработени во Стручната служба, ангажирани се 8 надворешни соработници. Мониторингот е фокусиран на одредбите од Изборниот законик што се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници. Се следи 24-часовната програма на телевизиите и радијата, а се анализираат централното издание на вестите и посебните информативни програми (интервјуа, дебати, и други информативни програми).

Во согласност со нашиот меморандум за соработка, на веб страницата на Агенцијата функционира посебен дел посветен на изборите (банерот ИЗБОРИ 2016), во кој се поместени сите релевантни документи за овој изборен процес на македонски, албански и англиски јазик.


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Со надзорот врз програмата на Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, МРТ1, емитувана во периодот од 2 до 5 септември 2016 година, констатирано е дека, спротивно на обврските од член 75-д став 4 од Изборниот законик, се емитувани реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија.

Извештајот од надзорот на 7 септември 2016 година (среда) беше доставен до Привремената комисија за следење на медиумското претставување, формирана во рамките на Агенцијата според обврските од Изборниот законик, која треба да даде предлог за постапување на Агенцијата. Денеска, на 9 септември 2016 година, Привремената комисија даде предлог да се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат. Агенцијата веднаш постапи по предлогот и барањето за поведување прекршочна постапка е проследено до надлежниот суд. Според член 76-в став 3 од Изборниот законик, Агенцијата е должна во рок од 48 часа по утврдување на прекршувања на одредбите од Изборниот законик, да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против радиодифузерот што ги повредил одредбите.

Инаку, со цел да се обезбедат услови за непречена работа на Стручната служба и на Привремената комисија и ефикасност на процесот на надзор на изборното медиумско претставување, директорот на Агенцијата на 7 септември 2016 година, донесе процедура на постапување при мониторингот на изборното медиумско претставување за Предвремените парламентарни избори што ќе се одржат во 2016 година, во која се утврдени содржината на извештаите од надзорот и роковите за нивно доставување, како и содржината на предлозите за постапување од Привремената комисија и роковите за нивно доставување до директорот на Агенцијата.

Во прилог Ви ги испраќаме Извештајот од надзорот на првиот телевизиски програмски сервис на Јавниот радиодифузен сервис, Предлогот за постапување од Привремената комисија и Процедурата на постапување.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**по овластување на директорот**

..................................................

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**